## КАНАЛ 5 ТЕЛЕВИЗИЈА МАКЕДОНИЈА

**ЕКСТРА ЕКСКЛУЗИВ**

08.03.2012.godine

# Легендарните „Легенде“ во Скопје

**Кај нив нема камуфлажа, лаги, шминка, плејбек ... Тие сервираат квалитет како гола вистина од почетокот до крајот. На 8 март доаѓаат во Универзалната Сала.**




Легендарните Легенде, по 9 години, конечно некој се сети да ги донесе во Скопје. Благодарам треба да му кажеме на Влатко Плевнеш. Паролата е подарок за дамите – но всушност ова ќе биде уникатно уживање за фасцинираните од квалитетен звук и песна. Кај нив нема камуфлажа, лаги, шминка, плејбек ... Тие сервираат квалитет како гола вистина од почетокот до крајот.

Имаат по седумдесеттина концерти во просек годишно. Во изминативе 25 години, 50 пати го наполнија Сава центарот во Белград. Уште од стартот одбиваа да се категоризираат во еден музички правец. А 25 години подоцна – музицираат во препознатлив стил. Оригинални до тој степен што нивната музика, често се сфаќа како посебен правец, настрана од другите – музиката на Легенде




Одлични вести! Во нивната публика немаат само свои врсници, туку и многу помлади генерации. Добар дел од нив се родиле кога се родила и идејата за Легенде, но во меѓувреме научиле како да препознаат квалитет.
Легенде ќе пеат за дамите и сите оние кои се опиваат од нивната мелодија и текст на 8 март во Универзалната Сала.